ООУ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – НЕГОТИНО

Наставна програма за

Слободен изборен предмет за проширување/продлабочување на знаењата од задолжителните наставни предмети

# Напредна музичка писменост и изведбени активности

VI/VII одделение


Програмата ја изработи:

м-р Павлинка Вељаноска

## ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

| | |
|---|---|
| **Наставен предмет** | Напредна музичка писменост и изведбени активности |
| **Вид/категорија на наставен предмет** | Слободен изборен предмет |
| **Одделение** | VI/VII одделение |
| **Теми/подрачја во наставната програма** | Тема бр.1 Универзалниот јазик на музиката |
| | Тема бр.2 Од партитура до интерпретација |
| **Број на часови** | 36 часа (се обработува за едно полугодие) |
| **Опрема и средства** | клавир/пијанино/електрично пијано или некој друг музички темпериран инструмент; детски музички инструменти (ритмички и мелодиски); музички инструменти (мандолина, гитара, хармоника и др.); печатени материјали (нотни записи, прирачници); дводимензионални отпечатоци – непроектирани (слики, фотографии, постери, илустрации); уреди за репродукција на аудио- и видеозаписи паметна (смарт) табла); аудио и видеозаписи: аудио и видео ЦД со соодветна содржина; едукативни дигитални материјали; интерактивна табла. |
| **Програмата ја изработи** | м-р Павлинка Вељаноска |
| **Училиште** | ООУ „Гоце Делчев“ - Неготино |

## ПОВРЗАНОСТ СО НАЦИОНАЛНИТЕ СТАНДАРДИ

Наставната програма вклучува релевантни компетенции од подрачјето **Уметничко изразување и култура.**

| | *Ученикот/ученичката знае и/или умее:* |
|---|---|
| VIII-А.1 | да манифестира познавање на различните форми на уметничко изразување од сите области на културата (литературата, музиката, визуелните уметности, изведбените уметности, декоративните уметности, архитектурата, дизајнот); |
| VIII-А.2 | да ги идентификува различните манифестации на популарната култура и нивното влијание врз развојот на естетските вредности; |
| VIII-А.3 | да ги изразува сопствените идеи, искуства и емоции користејќи уметнички или други форми на креативно изразување (индивидуални или колективни); |
| VIII-А.4 | да ги интерпретира идеите, искуствата и емоциите изразени во уметничките продукти креирани од другите што се припадници на сопствената или на други култури; |
| VIII-А.5 | да манифестира познавање на сопствената култура и на различните начини на нејзино изразување преку литературата и визуелните уметности, музиката и танците, градбите и другите културни продукти; |
| VIII-А.9 | да препознае и објасни како културата на која ѝ припаѓа (вклучително и на традицијата и религијата) влијаела на формирање на неговиот/нејзиниот идентитет и поглед на светот; |
| VIII-А.12 | да го интерпретира светот не само од гледна точка на припадниците на сопствената култура туку и низ перспективата на други култури. |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| VIII-Б.1 | уметноста и другите форми на културно изразување придонесуваат за разбирање и менување на светот; |
| VIII-Б.3 | почитувањето и промовирањето на сопствената култура придонесува за јакнење на културниот идентитет и дигнитет, |
| VIII-Б.5 | на разликите меѓу културите треба да се гледа како на можности за учење и како предизвик за заемно разбирање и напредување; |
| VIII-Б.6 | почитувањето и промовирањето на другите култури придонесува за обезбедување почит за сопствената култура од страна на другите. |

Наставната програма вклучува и релевантни компетенции од следните трансверзални подрачја на Националните стандарди:

***Дигитална писменост***

| | |
|---|---|
| | *Ученикот/ученичката знае и/или умее:* |
| IV-А.1 | да ги истражува и споредува можностите на познати и нови дигитални уреди и самостојно да процени, одбере и да ги користи тие што се најсоодветни за конкретна потреба и ситуација |
| IV-А.2 | да процени кога и на кој начин за решавање на некоја задача/проблем е потребно и ефективно користење на ИКТ, да одбере и инсталира програми кои му/ѝ се потребни, да користи програми за заштита и да реши рутински проблеми во функционирањето на дигиталните уреди и мрежи; |
| IV-А.3 | да користи различни начини на организирање и безбедно чување и споделување на содржини на различни уреди и мрежи во дигиталното опкружување |
| IV-А.4 | во соработка со други да анализира проблем, развие идеја и план за негово истражување и решавање и да испланира кога и за што ќе користи ИКТ; |
| IV-А.5 | да определи какви информации му/ѝ се потребни, да најде, избере и преземе дигитални податоци, информации и содржини и да ја процени нивната релевантност во однос на конкретната потреба и веродостојноста на изворот; |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| IV-Б.1 | дигиталната писменост е неопходна за секојдневното живеење – го олеснува учењето, животот и работата, придонесува за проширување на комуникацијата, за креативноста и иновативноста, нуди разни можности за забава; |
| IV-Б.2 | неодговорното и неумешното користење на ИКТ има органичувања и може да носи ризици за поединецот или општеството; |
| IV-Б.3 | потенцијалите на ИКТ ќе се зголемуваат и треба да се следат и користат, но и дека треба да се има критичен однос кон веродостојноста, доверливоста и влијанието на податоците и информациите кои се достапни преку дигиталните уреди; |
| IV-Б.5 | информациите достапни во дигиталниот простор треба да се користат етички, според дефинирани правила, и за добро на луѓето; |
| IV-Б.6 | мора да се почитува правото на интелектуална сопственост на продуктите достапни на дигиталните мрежи. |

***Личен и социјален развој***

| | *Ученикот/ученичката знае и/или умее:* |
|---|---|
| V-А.3 | да ги идентификува различните компоненти на сопствениот идентитет кој се гради врз основа на припадноста на различни социјални (на пр., родов, етнички и национален идентитет) и на различните улоги кои ги има во животот (на пр, ученик, син/ќерка) |
| V-А.5 | да ги препознава емоциите кај себе си и кај другите, да ги согледа последиците од сопствените емоционални реакции во различни ситуации и да користи соодветни стратегии за справување со емоциите, |
| V-А.6 | да си постави цели за учење и сопствен развој и да работи на надминување на предизвиците кои се јавуваат на патот кон нивно остварување; |
| V-А.7 | да ги користи сопствените искуства за да си го олесни учењето и да го прилагоди сопственото однесување во иднина |
| V-А.8 | да го организира сопственото време на начин кој ќе му/ѝ овозможи ефикасно и ефективно да ги оствари поставените цели и да ги задоволи сопствените потреби; |
| V-А.9 | да ги предвиди последиците од своите постапки и од постапките на другите по себе си и по другите |
| V-А.13 | да комуницира со другите и да се презентира себеси соодветно на ситуацијата; |
| V-А.14 | да слуша активно и соодветно да реагира, покажувајќи емпатија и разбирање за другите и да ги искажува сопствените грижи и потреби на конструктивен начин; |
| V-А.15 | да соработува со други во остварување на заеднички цели, споделувајќи ги сопствените гледишта и потреби со другите и земајќи ги предвид гледиштата и потребите на другите; |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| V-Б.2 | осознавањето на сопствениот идентитет придонесува за јакнење на самодовербата и за развојот на личноста, |
| V-Б.3 | сопствените постигања и добросостојбата во најголема мера зависат од трудот кој самиот/самата го вложува и од резултатите кои самиот/самата ги постигнува; |
| V-Б.4 | секоја постапка која ја презема има последици по него/неа и/или по неговата/нејзината околина; |
| V-Б.7 | иницијативноста, упорноста, истрајноста и одговорноста се важни за спроведување на задачите, остварување на целите и надминување на предизвиците во секојдневните ситуации; |
| V-Б.8 | интеракцијата со другите е двонасочна – како што има право од другите да бара да му/ѝ биде овозможено задоволување на сопствените интереси и потреби, така има и одговорност да им даде простор на другите да ги задоволат сопствените интереси и потреби; |

**Тема 1. УНИВЕРЗАЛНИОТ ЈАЗИК НА МУЗИКАТА**
Вкупно часови: 18

***Знаења/вештини:***

- Ги разликува и ги чита тоновите во различни октави во тонскиот систем, тоновите во виолински и бас клуч, различни интервали, дурски и молски скали, како и дурски, молски и намалени акорди со нивните превртувања;
- Ги идентификува/чита тоновите во различни октави во тонскиот систем, тонови во виолински и бас клуч, различни интервали, дурски и молски скали и дурски, молски и намалени акорди и нивните превртувања;
- Го опишува тонскиот систем, начинот на добивање дурски скали по квинтен круг нагоре и надолу и добивање на паралелни молски скали и градење на дурски и молски квинтакорди со помош на изучените интервали/ терца и квинта;
- Умее да пее и свири делници од партитура во виолински и бас клуч;
- Сфаќа дека има поврзаност помеѓу содржините (тонови-интервали-акорди);
- Знае преку истражување на музичките платформи да препознае и селектира дела од ист вид/стил музика и естетски да ги вреднува и при тоа свесно да влијае на рафинирањето на сопствениот музички вкус, оформувањето на својот музички идентитет;
- Има познавања за меѓусебното влијание на различни жанрови на музика (класична, традициска, филмска и популарна музика).

***Ставови/вредности:***

- Смета дека музичката писменост е битна за општата музичка наобразба;
- Подготвен/а е да учествува во активности со кои ќе ги прошири знаењата од музичката писменост;
- Верува дека музичката писменост е основа за успешна вокална и инструментална интерпретација (соло и ансамблова);
- Поддржува дисциплинирано и доследно следење на музичкиот текст;
- Разбира дека успешноста на изведбата со нотен текст зависи од познавања на музичка писменост;
- Се залага за постигнување што подобра усогласеност со останатите учесници во изведбите.

| ***Содржини (и поими) и број на часови*** | ***Примери на активности:*** |
|---|---|
| • **Тонски систем**<br>(октави во тонскиот систем, тоновите во петолинието и на помошните линии, виолински и бас клуч)<br>*број на часови: 3* | • Преку визуелна презентација, наставникот го претставува тонскиот систем а учениците го воочуваат начинот на запишување на тоновите (во петолиние и на помошни линии). Наставникот ги набројува октавите. Се воочуваат изучените тонови и се откриваат нови тонови, според можностите и интересот на учениците. Наставникот ги поттикнува учениците на дискусија, за тоа, кои инструменти свират во повисоките октави, а кои во ниските октави. Учениците со помош на наставникот ги |

| | |
|---|---|
| | воочуваат октавите на инструмент со клавијатури во кабинетот.<br>• Наставникот презентира начин на пишување на виолински и бас клуч и тоновите од мала октава (во бас клуч). Преку вежби со запишување на тоновите во петолинието, се усвојуваат од страна на учениците. Учениците пеат и свират со соодветен инструмент, мелодиски вежби во виолински и бас клуч.<br>• Преку вежби со наставни ливчиња и дигитални содржини се утврдуваат тоновите во тонскиот систем, во виолински и бас клуч.<br>https://www.name-that-note.com<br>https://www.musictheory.net/exercises/note |
| • **Интервали**<br>(прима, секунда, терца, кварта, квинта, секста, септима, октава; мелодиски и хармонски интервали; вид и големина на интервалите; чисти, големи, мали зголемени и намалени интервали-дијатонски; превртување на интервалите)<br>*број на часови: 4* | • Наставникот ги презентира интервалите преку визуелна презентација.<br>• Интервалите се пеат мелодиски и хармонски (во два гласа).<br>• Наставникот ги запознава учениците со поимите: вид и големина на интервалите, при што ги презентира само во основната скала (дијатонски).<br>• Преку претходно изготвени вежби од страна на наставникот, учениците ги препознаваат интервалите, или градат интервали од зададен тон.<br>https://www.pedaplus.com/games/intervals/<br>• Наставникот презентира модели (со пеење или свирење) на почетни мотиви од познати мелодии за слушно меморирање и препознавање на интервалите. Потоа свири интервали, а учениците слушно ги препознаваат. Прават разлика помеѓу консонантни и дисонантни интервали. Наставникот им дава насоки на учениците за дигитални содржини - квиз за слушно препознавање на интервали.<br>https://tonedear.com/ear-training/intervals<br>• Наставникот им презентира на учениците мелодиска вежба во која треба визуелно да ги препознаат интервалите (мелодиски/едногласна вежба и хармонски/двогласна вежба).<br>• Наставникот им го објаснува на учениците поимот превртување на интервалите (преку графички приказ, преку поврзување со секојдневието). Учениците преку вежби ја утврдуваат постапката. |

| | |
|---|---|
| | • Според интересот и можностите на учениците, можат да се градат интервали според вид, со помош на диези и бемоли. |
| • **Скали до 2 предзнаци**<br>(дурски и молски скали, квинтен круг, C-dur/a-moll, G-dur/e-moll, D-dur/h-moll, F-dur/d-moll, B-dur/g-moll)<br>*број на часови: 6* | • Наставникот презентира звучни примери во дурски и молски тоналитет, а учениците ја препознаваат според звучноста (дур/мол).<br>• Наставникот го објаснува добивањето на дурски скали по квинтен круг нагоре и надолу. Се дискутира за важноста на распоредот на целите и полустепените и употребата на предзнаците (диез/бемол) за правилен распоред на истите<br>• Учениците го утврдуваат начинот на добивање на паралелна молска скала преку дискусија за сличностите и разликите помеѓу природна, хармонска и мелодиска молска скала (претходно стекнато знаење). Учениците го применуваат начинот на добивање на паралелна молска скала и нејзините видови, на новонаучените дурски скали.<br>• Наставникот презентира карактеристични звучни примери од дурски и молски тоналитет а учениците препознаваат (дур/мол), поврзувајќи ја дуалноста во природата (пр. ноќ – ден, месечина – сонце, црно – бело, блиску – далеку и сл.)<br>• Учениците ги запишуваат изучените скали.<br>• Наставникот презентира дигитални содржини за утврдување на знаењето на изучените скали.<br>[Music Scales: Learn, play and find any musical scale (tonegym.co)]<br>• Наставникот изготвува картички со изучените скали, а учениците ги групираат во парови паралелните скали.<br>• Наставникот изготвува наставни листови со мелодиски вежби во изучените скали, а учениците ги препознаваат и ги запишуваат скалите. Потоа, мелодиските вежби се обработуваат. |
| • **Акорди**<br>(квинтакорд и неговите превртувања; дурски, молски и намален квинтакорд - дијатонски, главни и споредни стапала, | • Наставникот го објаснува поимот акорд-истовремено звучење на три или повеќе тонови. Им објаснува на учениците за квинтакорд (основен тон, терца и квинта). Наставникот ги запознава учениците со видовите на квинтакорд (дурски, молски и намален) на главните и споредните стапала |

| | |
|---|---|
| доминантен септакорд)<br>*број на часови: 5* | во основната скала C-dur (дијатонски).<br>http://www.drawmusic.com/music-theory/major-triads-games<br>• Откако учениците ќе ги усвојат квинтакордите во основната скала C-dur, ја воочуваат нивната положба во a-moll скала (многустраност на квинтакорди, но со практична примена, преку свирење на пијано или друг инструмент). Наставникот презентира каденци со главните стапала во дур и мол.<br>• Учениците слушно препознаваат дурски и молски квинтакорди.<br>Major or minor (ear training) - Music theory (dacapoalcoda.com)<br>Speed Chords \| Theta Music Trainer: Ear Training and Music Theory<br>• Со помош на претходно изучените поими за превртување на интервалите, наставникот го објаснува и превртувањето на квинтакордот.<br>• Учениците градат дурски и молски квинтакорди од зададен тон.<br>• Учениците ги пеат, мелодиски, тоновите од квинтакордите (разложено).<br>• Наставникот ги запознава учениците со доминантен септакорд и неговата примена. Преку свирење на каденци ги насочува учениците да го препознаат аудитивно.<br><br>*Забелешка: Наставникот ги прилагодува/дополнува активностите, според можностите и интересот на учениците.* |

**Тема ОД ПАРТИТУРА ДО ИНТЕРПРЕТАЦИЈА**
Вкупно часови: 18

***Знаења/вештини:***

- Ја разбира разликата меѓу пеењето и свирењето по слух и по ноти;
- Може да ги идентификува елементите на музичка писменост во партитура;
- Умее да да изведува партитура по нотен текст;
- Разбира како да ги поврзува знаењата од првата тема во изведба на нотен текст;
- Сфаќа дека интерпретирањето на партитура по нотен текст е повисоко ниво од изведба по слух;
- Го знае начинот на создавање инструментална хармонска придружба на мелодија;
- Има познавања за анализа/читање на партитура и следење одредени делници.

| Ставови/вредности: | |
|---|---|
| • Почитува различни култури со тоа што изведува композиции од музичка традиција на различни народи;<br>• Смета дека изведувањето на партитури од други култури и традиции претставуваат можности за учење предизвик за заемно разбирање и напредување;<br>• Прецизноста и ефикасноста на учење, вежбање и изведување на партитури по нотен текст, придонесува за развивање на други посложени мисловни процеси кои се општо корисни во сите подрачја од учењето и сите сегменти од животот;<br>• Ја прифаќа важноста за проширување на знаењата и вештините од музичката писменост при изведба на партитури;<br>• Подготвен/а е да презема одговорност кон постигнување на заедничка цел (што поуспешна изведба), преку лично залагање и поттикнување на другите бидејќи резултатот е заеднички и зависи од трудот кој секој поединечно го вложува.<br>• Има критички став кон своите изведби, а со тоа и одговорност кон сопственото учење, со тоа градејќи способност на евалуација на естетската компонента во музиката;<br>• Верува дека пеењето и свирењето на партитури по нотен текст е позитивен пример за правилно искористување на слободното време на учениците;<br>• Учествува во музички активности, поддржува организација и промоција на изведбите на јавни настани во училиштето и локалната средина;<br>• Разбира дека музичкиот талент кај учениците треба да се развива и надоградува, заради формирање здрава и целосна личност;<br>• Се залага за повеќе музички активности во училиштето заради развивање на подобра социјална кохезија и соживот. | |
| ***Содржини (и поими) и број на часови*** | ***Примери на активности:*** |
| • **Читање на партитури со ноти**<br>(тоналитет, ритмичка структура, мелодија, придружба, музичка форма, аранжман, музички изразни средства)<br>*број на часови: 4* | • Наставникот подготвува едноставни мелодиски вежби со изучените содржини и поими а учениците ги изведуваат прима виста (пеење/свирење). Пред почетокот на изведувањето, се воочуваат и коментираат изучените елементи од музичка писменост.<br>• Наставникот прилагодува партитури според можностите и афинитетите на учениците. Со насочени прашања, ги поттикнува учениците за анализа на композицијата (тоналитет, ритмичка структура, мелодија/интервали, придружба, музичка форма, аранжман, музички изразни средства и сл.).<br><br>***Забелешка:*** *Се препорачува читање на мелодиски вежби, едноставни повеќегласни партитури и аранжмани за различни инструментални* |

| | |
|---|---|
| | *состави.* |
| •**Инструментална ритмичка придружба и хармонска придружба со акорди**<br>(акорди, аранжман, мелодија)<br>*број на часови: 4* | • Наставникот презентира звучен пример и ги поттикнува учениците ритмички да ја придружуваат композицијата.<br>• Учениците се поттикнуваат да создадат и да запишат со ноти, едноставна ритмичка придружба/аранжман на зададена мелодија.<br>• Наставникот презентира едноставна мелодија и заедно со учениците додаваат хармонска придружба со акорди (на пијано, гитара или друг инструмент). Се дискутира видот на акорди (квинтакорд, неговите превртувања и доминантен септакорд) како надоврзување на содржините од темата *Музичка писменост* (примена на знаењата).<br>• Наставникот ги поттикнува учениците сами да создадат инструментална хармонска придружба на популарни песни од различни жанрови.<br>• Наставникот ги поттикнува учениците да создадат едноставни вокални аранжмани на зададена мелодија (наставникот избира мелодија која е погодна за оваа активност). На основната мелодија се додава терца и бордун.<br>• Учениците стојат во круг. Еден ученик пее еден тон по свој избор. Следниот ученик пее терца над првиот (основниот) тон. Следниот ученик го надополнува квинтакордот со квинта. Потоа се дискутира дали добиениот квинтакорд е дурски или молски.<br>• Наставникот запишува и свири каденца со главните стапала а потоа ги насочува учениците да ја испеат во три гласа. |
| • **Пеење и свирење партитура и издвојување делници**<br>(мелодија, придружба, аранжман, разработка на делници)<br>*број на часови: 10* | • Се проследуваат видео и аудио презентации од различни изведби од композициите.<br>• Наставникот прави избор од партитури од различни жанрови заедно со учениците, почитувајќи ги нивните сугестии и предлози.<br>• Според знаења од претходната тема, учениците ја анализираат партитурата.<br>• ги препишуваат/издвојуваат делниците за различни гласови/инструменти<br>• ги разработуваат/изведуваат делниците посебно и заедно според насоките и планот на наставникот. |

| | |
|---|---|
| | • Композициите се усовршуваат, до создавање репертоар доволен за музички настан.<br><br>***Забелешка:*** *Наставникот прави избор на партитурите според можностите и интересите на учениците. Се препорачува јавен настап од подготвениот репертоар, како завршна активност, со што ќе се популаризира слободниот изборен предмет. Исто така, се препорачува да бидат обработени композиции од различни култури, според стандардите поврзани со мултикултуралност и интеркултуралност.* |

## ИНКЛУЗИВНОСТ, РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ/СЕНЗИТИВНОСТ, ИНТЕРКУЛТУРНОСТ И МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

Наставникот обезбедува инклузивност во работата и реализацијата на планираните тематски содржини преку вклучување на сите ученици во сите активности за време на часот. Преку реализацијата на наставата, наставникот му овозможува на секое дете да биде физички, когнитивно и емоционално ангажирано преку користење на соодветни приоди (индивидуализација, диференцијација, тимска работа, соученичка поддршка), обезбедувајќи оптимален биолошки и психолошки развој и многу важна социјална инклузија.

При реализација на активностите на часот, наставниците еднакво ги третираат и момчињата и девојчињата, при што водат грижа да не ги делат во активностите според полот и да не им доделуваат родово стереотипни улоги, а тоа воедно значи дека при формирањето на групите за работа и учествата во активности настојуваат да се обезбеди баланс во однос на полот.

Секогаш кога е можно наставниците користат интеграција на активностите од овој слободен изборен предметот со содржините/стандардите од другите предмети при планирањето и реализацијата на наставата. На тој начин овој наставен предмет ги мотивира учениците во учењето на другите предмети и помага во нивно полесно совладување.

## ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

За да се овозможи учениците да ги постигнат очекуваните стандарди за оценување, наставникот континуирано ги следи активностите на учениците за време на поучувањето и учењето, прибира информации за напредокот на секој ученик и истите ги заведува во ученичките портфолија. За време на учеството во активностите учениците добиваат повратна информација од наставниците за нивните постигања. За вреднувањето и оценувањето на постигањата на учениците наставниците може да користат различни методи, техники, инструменти и стратегии. Важно е да се користат објективни критериуми за оценување и да се обезбеди конзистентност во применувањето.

При следењето и анализата на ефектите од наставата по предметот „ Напредна музичка писменост и изведбени активности“, наставникот може континуирано да ги вреднува и оценува следните аспекти:

Напредок во усвојувањето на конкретни концепти, содржини и поими за музичката писменост и нејзина примена преку изведбени активности и активно учество во индивидуални и групни активности (пеење/свирење).